РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна општинска установа за деца
-Детска градинка БИСЕРЧИЊА
Бр. 03-230/1
26.11.2019 год.
Зрновци

Друштво за производство трговија и услуги
ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ дооел
Бр. 96-1/01
26-11 2019 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

склучен на ден 26.11.2019 година помеѓу следните

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**ЈОУДГ "БИСЕРЧИЊА"-с.Зрновци –Општина Зрновци,** со седиште на ул. ,,Илинденска " бб, 2305 Зрновци , ЕДБ: 4053018500460 и ЕМБС: 7271522 претставувано од Директорот Г-га Верица Савева(во натамошниот текст: Набавувач, односно "Нарачувач") од една страна

и

Друштво за производство, трговија и услуги **ТРИТЕРОЛ ПЕТРОЛ ДООЕЛ** Скопје- ЕДБ: 4027013518521 и ЕМБС: 6875203 застапувано од Љупчо Пецов (во понатамошниот текст Носител на набавката Добавувач) од друга страна.

II. ДЕФИНИЦИИ

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:
1)"Набавувач"е субјект дефиниран во член 1 од Законот за јавните набавки.
2)"Добавувач"е носител на набавката домашно или странско правни или физичко лице.
3) "Стоки" се подвижни предмети од сите видови, вклучувајќи ги и полупроизводите, суровините и резервните делови, индустриските и други постројки, правата на индустриска сопственост (патенти, лиценци, пренос на технологија и софтверски програми), кои понудувачот треба да му ги испорача на набавувачот според условите утврдени со овој Договор.
4) "Договорна цена" е цената која ја побарува Понудувачот како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал Понудувачот.
5) "Испорака" значи предавање на стоките од страна на Понудувачот на Набавувачот во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Набавувачот се стекнува со право на сопственост на стоките.
6) "Сродни услуги" претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на Понудувачот според условите наведени во овој Договор.
7) "Сервисирање" претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки.
8) "Подизведувач" е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку поддоговор склучен со Понудувачот.

III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на овој Договор е јавна набавка на стока Набавка на лесно масло за горење –екстра лесно масло за домакинство -1 (ЕЛ-1) за потребите на ЈОУДГ"Бисерчиња " – Зрновци ул. ,,Илинденска,, бб с.Зрновци-Општина Зрновци во претпоставена количина од 7000 литри (Претпоставената количина, предмет на оваа јавна набавка, е апроксимативна со можност на варијации до 30% +/- а согласно поединечната цена утврдена во одлука на Регулаторната комисија за енергетика на Република С.Македонија (нова-доколку во меѓувреме е изменета од страна на Регулаторната комисија) и понудената цена постигната со завршување на аукцијата кој изнесува 35,63 денар без ДДВ, а кој останува фиксен за цело времетраење на договорот) Лесно масло за горење-Екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1)" за затоплување на зградата на ЈОУДГ"Бисерчиња " – Зрновци ул. ,,Илинденска,, бб с.Зрновци-Општина Зрновци за период од една година.
Техничките карактеристики на стоката, се во склад со Правилникот за квалитет на течни горива ("Службен весник

на РМ", бр. 88/07, 91/7, 97/07, 105/07, 157/07, 15/08,78/08, 156/08 и 81/09) и во со со гласност со стандардите МКС Б.Х2.430 "или еквивалентно".

Член 3

За реализација на предметот на набавката *Екстра лесно масло 1 (ЕЛ-1)*, Понудувачот треба да располага со:
- Потребната опрема: Сопствени складишта со минимум потребната количина и вид на ЕЛ гориво, или договор за набавка на потребната количина и вид на ЕЛ гориво, Транспортни средства опремени со баждиран уред за мерење на количината на горивото.
- Документи за докажување на стандардите за системи за квалитет, Уверение (од надлежни органи) за квалитетот на предметот на договорот: "Масло за горење-Екстра лесно 1 (ЕЛ-1)".

Доказите од алинеа 1 и 2 на овој член, набавувачот треба да ги достави пред потпишување на договорот.

Член 4

При изведбата на работите, добавувачот треба да се внимава на следното:
- **Пред да се отпочне со било каква испорака на стоките, изведувачот ќе стапи во контакт со Директорот на ЈОУДГ "БИСЕРЧИЊА "с.Зрновци-Општина Зрновци заради утврдување на лицата за контрола на материјалите (квалитет, количина, обезбедување).**
- **Трошоците за санирање на евентуалните дефеци што ќе настанат при испораката на стоките, се на товар на изведувачот на работите.**

IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Вкупната вредност на стоките од член 1 на овој договор изнесува до **300.000,00** денари без вклучен ДДВ, согласно усвоената понуда од член 1 на овој договор. ДДВ изнесува вкупно **54,000,00** денари.

Поединечната цена за литар "Лесно масло за горење-Екстра лесно масло за домаќинство-1 (ЕЛ-1)" е утврдена во постапка за јавна набавка број 10967/2019 е 35,63денари без ДДВ

Средствата за набавка на стоките предмет на овој договор се обезбедени од Буџетот на ЈОУДГ,,Бисерчиња,,с.Зрновци преку блок дотација.

VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Времетраењето на овој Договор е за период од 12 месеци сметано од склучувањето на договорот или престанува кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни.

VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКИТЕ

Член 8

Набавката ќе се изврши во резервоарите на ЈОУДГ "Бисерчиња"-Зрновци . Транспортот и истоварот на "Лесно масло за горење-Екстра лесно масло за домаќинство- 1 (ЕЛ-1), носителот на набавката ќе го изврши на сопствен трошок.

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот сукцесивно во период од 12 месеци.

Испораката на стоката се смета за извршена со издавање на потврда за прием на стоката на добавувачот.

VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 9

Фактурирањето ќе се врши на ЈОУДГ"Бисерчиња " – Зрновци . При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Набавувачот, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата .
- валута на плаќање.

IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ,
ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

Член 10

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши во рок од 60 (шеесет) дена, од доставувањето на фактурата за испорачаните количини на нафтени деривати за тековниот месец, на сметка и банка за која писмено ке го извести Добавувачот.

За издадените деривати Носителот на набавката му издава ,,испратница" на Договорниот орган која мора да биде потпишана од двете договорни страни.

X. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА ( корекција на цени )

Член 11

Корекција на цената на литар ЕКСТРА ЛЕСНО ГОРИВО 1 (ЕЛ - 1) - предмет на договорот за јавна набавка е дозволена и истата ќе биде условена од последната Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на РМ за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата во моментот на испорака, намалена за евентуално добиениот фиксен рабат на намалување.

Како релевантен доказ за промената на цената на предметот на договорот за јавна набавка ќе се користи Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата, донесена од Регулаторната комисија за енергетика на Република С. Македонија и објавена во Службен весник на РМ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република С.Македонија.

XI. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 12

Продавачот е должен предметот на договорот да го извршува согласно техничката спецификација, а на барање на Договорниот орган, односно сукцесивно, во зависност од потребите на истиот.

Член 13

Квалитативен прием:

Добавувачот е должен да достави потврда, атест, сертификат за квалитетот на стоките што ќе ги испорачува според стандардите за квалитет издадени од надлежни институции.

Набавувачот може да изврши дополнителна контрола и гаранција на квалитетот со спроведување на дополнителни независни испитувања и контроли за квалитет кај овластена институција.

Квантитативен прием:

Испораката на горивото ќе започне веднаш по потпишување на Договорот.
Испораката се врши во рок од 48 часа од приемот на писмената нарачка од Договорниот орган за видот на горивото и количината. Носителот на набавката се обврзува да го извести овластеното лице на набавувачот за денот и часот на испораката. Носителот на набавката е должен да ја врши доставата на масло за греење додека тече работното време кај купувачот односно во периодот од 08 часот до 16 часот
Местото на испорака е во цистерни односно резервоари на Купувачот, според диспозицијата што ќе ја даде истиот.
Испораката треба да се врши со цистерни кои имаат протокомерач верификувани од страна на Бирото за метерологија за утврдување на точната количина на испорачаното масло .
Испораката на горивото, предмет на овој Договор, Носителот на набавката ќе ја врши со сопствени или изнајмени автоцистерни. Со секоја пратка гориво, од страна на Носителот на набавка се доставува документот Испратница со соодветно Уверение за квалитет и формулар – Записник за прием на гориво (тоа се пополнува на крајот на испораката од страна на Договорниот орган и Носителот на набавката).
. При оваа процедура треба да биде присутна Комисија овластена од Договорниот орган која ќе присуствува во текот на целата процедура за прием на горивото.

При секоја испорака Носителот на набавката се обврзува да достави испратница со означена точна количина на нафта за греење.

Испораката на нафтата за греење се смета за извршена со потпишувањето на испратницата од страна на лице овластено од одговорното лице на Договорниот орган(**Комисија**)и овластено лице од Носителот на набавката. Потпишаната испратница е прилог на Записникот за примопредавањето на нафтата за греење.
Записникот за примопредавањето на стоката ги содржи податоците за денот, часот и количината на испорачаната стока.
Записникот за примопредавањето го потпишуваат и заверуваат двете договорни страни.
Записникот и испратниците за прием на нафтата за греење се составен дел од фактурата за плаќање изготвена според цените утврдени со одлука на Регулаторната комисија на РСМ **кои важат на денот на испораката** .
Доколку квантитетот не одговара на количините наведени во испратницата може да се изврши прием на екстра лесно масло за домаќинството ако е со предвиден квалитет , со тоа што во испратницата се наведува вистинската количина која се прима , а Продавачот е должен дополнително да ја достави потребната количина во предвиден рок /по цена како во првобитната испорака/.

## XII. ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

Член 14

Материјален недостаток постои:
ако стоката ги нема потребните својства за негова редовна употреба или за промет;
ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува набавувачот, а која му била позната на добавувачот или морала да му биде позната;
ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно договорени, односно пропишани, и
кога добавувачот предал стока кој не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

Член 15

Набавувачот е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести понудувачот во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на добавувачот веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Член 16

Кога по приемот на стоката од страна на набавувачот ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), набавувачот е должен, за тој недостаток да го извести понудувачот во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

XIII. ПОДИЗВЕДУВАЧ

XIV. ВИША СИЛА

Член 18

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

XV. ГАРАНТЕН ПЕРИОД И СЕРВИСИРАЊЕ

Член 19

Добавувачот се обврзува да обезбеди замена на нафтените деривати на набавувачот предметот на набавката во рок од 6 (шест) часа од поднесувањето на барањето за интервенција од Набавувачот, доколку се констатира недостаток на стоките, при што чистењето на резервоарот на ЈОУДГ "Бисерчиња " – Зрновци ќе биде на трошок на Добавувачот.
Трошоците за замена, паѓаат на товар на Добавувачот.

XVI. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 20

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на нафтените деривати предметот на набавката согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.

XVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 21

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република С.Македонија.

Член 22

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Кочани

XVIII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 23

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

XIX. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 24

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

XX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 25

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република С.Македонија

XXI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 27

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Набавувачте и 2 ( два ) за Добавувачот.

| | |
|---|---|
| **Набавувач** | **Добавувач** |
| **ЈОУДГ„Бисерчиња„** | **ДПТУ Тритерол Петро ДООЕЛ** |
| **Директор** | **Одговорно лице** |
| **Верица Савева** | **Љупчо Пецов** |